# РАЦИН Е МАКЕДОНИЈА

ВЕСНИК НА ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИ ООУ „КОЧО РАЦИН"– ОХРИД

ЈУНИ 2024

# Првенец на генерација 2023-2024год од ООУ "Кочо Рацин", Охрид и ученици со пофалба



Надица Тасеска

Се викам Надица Тасеска.Ученичка сум во основното училиште Кочо Рацин во Охрид.Со задоволство ги изучувам сите предмети, но посебен интерес покажав за предметот Македонски јазик, Математика и Хемија.Горда сум што бев дел од ова училиште. Секогаш и секаде со восхит и гордост го претставував и се борев за највисоки и најдобри резултати.

Имав можност да учам од прекрасни наставници кои ми овозможија да учествувам на многу регионални и меѓународни натпревари како и на многу светски проекти.Заедничкиот труд и посветеност ми донесоа многу државни, меѓународни награди и признанија.Тука ги поминав најубавите и најсреќните детски денови кои засекогаш ќе останат во моите сеќавања.

Јас сум Сара Котеска
И јас сум од „Кочо Рацин" :)
Што да ви кажам за себе? За учење си немам гајле, иако музика слушам до сабајле. Проектите ми одат како песна, за мене дури и математиката е лесна. На натпревари си немам трема, но сеуште сум во дилема-дали македонски или англиски повеќе сакам?! Со англискиот и на Државен стасав. Со македонски пак, дури два пати, но постигнав и високи резултати.
Со силни емоции си одам од тука, ова училиште за мене беше втора куќа. На своите наставници и родители ветувам дека ќе продолжам така, дека учењето ќе продолжи да ми оди од рака.



Сара Котеска

Јас сум Марија Силјановска, родена на 21.09.2009год. во Охрид. Ученик сум во основното училиште ООУ„Кочо Рацин"-Охрид.
Се истакнувам по мојата посветеност кон учењето и постигнувањето високи резултати. Имам искуство во учество на различни натпревари и активности кои ми помогнаа да ги развијам моите лидерски и комуникациски вештини.
Лични достигнувања:
Учество на регионален натпревар по германски
Учество на општински(прво место) и регионален натпревар(трето место) по хемија.
Учество на бројни eTwinning проекти(од VI – IX одделение)



Марија Силјановска

Се викам Петар Илоски. Учам во основното училиште "Кочо Рацин" Охрид и сум IX одд. Омилени предмети ми се македонски јазик, математика, физика, биологија, а особено го сакам ликовно образование. Хоби ми е цртање графити.
Во текот на моето деветгодишно образование, благодарение на моите наставници, активно учествувам во различни наставни и воннаставни активности, приредби, конкурси, натпревари.
Тоа ми овозможи да се развивам, да стекнувам знаења, да творам, да бидам креативен и со тоа полесно да го продолжам понатамошното образование.



Петар Илоски

# ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС

## ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Рацин е Македонија

Славниот Рацин во Велес,
во сиромашно семејство се роди
и како мал заплива во грнчарските води!

Но љубовта кон книжевноста беше толку
јака,
па почна да пишува за секоја своја мака.

Ги отпеа тој деновите тешки,
копачите кој до нива одеа пешки.
Ја отпеа ти Рацине, и Ленка,
која од жолтите тутуни болна падна
и земјата и ја покри снагата страдна.

Никогаш не се предаде и напред одеше,
со мислата „Силно светнал ден “ народот
го водеше.

Ти благодарам за сè што за нас стори,
во среќа да живееме
и тешкото да не се повтори.

Слава ти Рацине,
благодарам од срце и душа,
на делото твое цела Македонија е горда
и секој твојата песна ја слуша!

**ПРВА НАГРАДА**
**Миа Димоска III одд.**

Кочо Рацин

„Кочо Рацин“ моето училиште се вика
каде детска насмевка и џагор блика,
каде делото на Рацин се негува,
а достоинство и почитување излегува.

Со „Бели мугри“ македонската книжевност
на македонски јазик нова врата отвара,
дека македонскиот народ постои докажал
и ново утро, нов живот и почеток ни покажал.

Аргатската мака, класната неправда и ропство
во своите дела достоинствено ги отпеал
па броејќи денови на тутуноберачите и Ленка,
црнилата и маките сакал да ги испрати во сенка.

Патот кон подобар, поправичен свет
Рацин на нашиот народ му го покажал
и на светот дека постоиме му докажал.
На неговото дело ние му благодариме
за неговата борба никогаш нема да заборавиме.

**ВТОРА НАГРАДА**
**Давид Костоски III одд.**



Песна за Рацин

Седнат на прозорец со перо во рака,
бележел, запишувал мака до мака.
Во студена соба за правда жеден,
Пишувал за животот за народот беден.

Започнал борба со окупаторот клет,
тргнал Рацин да промени свет.
Го оставил перото и пушка зел,
од поет станал борец смел.

Темнина црна над Лопушник висна,
злокобна птица од дрвото писна.
Одејќи низ чумата со мислите свои,
не знаел тој судбината што му крои.

Во ноќта темна ветрец коса му гали,
Сонувал Рацин за своите идеали.
Сонувал за слобода за таа мајка света,
сонувал, но не знаел за нечија мета.

Одекнал истрел во ноќта ладна,
истиот миг, тој мртов падна.
Протече крв, црвена, жешка,
Пријателски куршум го уби по грешка.

Неговите дела ќе останат со нас,
„Бели мугри“ ќе ја читаме на глас.
За Ленка, за копачите, за народот
вреден,
Да не го заборавиме, Рацин е еден!

**ТРЕТА НАГРАДА**
**Михаела Анѓелеска IV одд.**

## ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

Рацин е Македонија

Доцна во ноќта црна,
со волшебно перо, до зори
пишувал за тешките маки
по македонските ниви и гори!

За аргатите и нивната пот
за животот тежок кој болести носи
за кошулата недовезана од Ленка
која смртта на ниви ја коси!

Сегде тага за туѓи интереси,
голема е аргатската мака
која најдобро е опишана
со Рациновата рака!

Но сепак народот има надеж
и со последната сила
ја обработува земјата мила
со верба дека сонцето ќе светне
и секоја тага ќе летне!

Така се создале белите мугри
а во нив сета мака од работникот тажен
мака, но и силна љубов
затоа Рацин за Македонија е вечен!

Во Рацин дише Македонецот
во него живее Македонија
затоа за нас „Бели Мугри“
се македонската библија!

**ПРВА НАГРАДА**
**Лина Маркоска VII одд.**

Нашиот идол

К за компасот по кој се води секој од нас
О за оптимистичкиот поглед на секој од вас
Ч за човечноста и татковината своја
О за оваа песна моја.

Р за радоста и исполнетоста ваша
А за алармот за слободата наша
Ц за ценетиот творец кој за нас се борел
И за играта која тој ја водел
Н за неговиот значаен модел.

КОЧО РАЦИН – еден и доволен
за сите нас тој е борец поволен,
самообразован, но многу мудар
од своите го добил последниот удар.

Тој е НАШ борец славен
кој никогаш нема да биде заборавен!

**ВТОРА НАГРАДА**
**Теона Шиникоска, VIII одд.**

Кочо Рацин

Роден е во Велес тој
напишал творби безброј.
Пишувал без мака
и за сè што сака.

Песни за Ленка, Копачите...
за маките нивни
за Тутуноберачите.

Неговото име нашето
училиште го носи.
Горди сме на него
и тоа што го правел!

**ТРЕТА НАГРАДА**
**Јована Ристеска, VI одд.**





I НАГРАДА- ТЕОНА ШИНИКОСКА VIII-1



II НАГРАДА СОФИЈА СЕКУЛОСКА VII-2



I НАГРАДА- СИМОНА ДИМОСКА IV-3

# ЛИКОВЕН КОНКУРС

## Наградени од одделенска и предметна настава



I НАГРАДА- ТОМИСЛАВ МАТЕСКИ IV-3



III НАГРАДА- БОРЈАН СЕКУЛОСКИ III-2



II НАГРАДА- МИА ИЛОСКА III-1

# ЛИКОВНИ успеси НА НАЈМАЛИТЕ


Здружението на одделенски наставници на РС Македонија
ЗОН „УЧИТЕЛ"
ДИПЛОМА
на ученикот
Дафина Митаноска
за освоено ВТОРА награда на ЛИКОВЕН КОНКУРС по повод 5 ОКТОМВРИ - ДЕНОТ НА УЧИТЕЛОТ
категорија - I одделение
5.10.2023
Наташа Тодоровска
претседател на ЗОН Учител

Ученикот Крсте Мојсоски освои втора награда на ликовниот конкурс „Најубавите кинески приказни и бајки"од Институт за наука, алтернатива, култура и уметност ИНАКУ. Воедно зеде и учество на ликовен конкурс од Стара Загора, Бугарија, на тема- Планинско творење.

Ученичката Дафина Митаноска освои втора награда на ликовниот конкурс на ЗОН " Учител" на тема " Мојот учител- моја инспирација", распишан по повод Меѓународниот ден на учителот. Јована Стрезоска благодарница за успешно учество.


ARTCONTESTOR.com
Вашето място за арт конкурси
ГРАМОТА
Организаторите награждават:
КРСТЕ МОЈСОСКИ
(име)
ЗА УЧАСТИЕ
в конкурса
Горски създания
24-ти октомври, 2023г. - 31-ви януари, 2024г.
ARTCONTESTOR.com е проект на галерия ГАЛАС АРТ, гр. Стара Загора
www.GalasArt.co.uk


Здружението на одделенски наставници на РС Македонија
ЗОН „УЧИТЕЛ"
БЛАГОДАРНИЦА
на ученикот
Јована Стрезовска
за учество на ЛИКОВЕН КОНКУРС по повод 5 ОКТОМВРИ - ДЕНОТ НА УЧИТЕЛОТ
5.10.2023
Наташа Тодоровска
претседател на ЗОН Учител

*Ментор-Виолета Петковска*

## НАШИТЕ УЧЕНИЦИ – БЛЕСКАВИ ЅВЕЗДИ НА ЛИТЕРАТУРНОТО НЕБО

Секоја ѕвезда има своја посебна светлина и сјај, исто како и учениците од литературната секција од нашето училиште. Тие се различни во своите стилови и теми, но сите се обединети во својата страст кон литературата и желбата да творат. Литературните награди се потсетник дека нивната креативност - мислата да ја претворат во поезија или проза секогаш се препознаени и дека љубовта и посветеноста кон пишаниот збор водат кон остварување на соништата.




Деветтоодделенката Надица Тасеска освои прва награда на Манифестацијата за детски литературни творби „Жуборења од Радика 2023“ објавен од Здружението за афирмација и развој на реканскиот крај - Рекански порои. На овој настан, писателот за деца и млади Горјан Петревски беше прогласен за најдобар писател во Македонија и од страна на Рекански порои му беше доделен Оскар за најдобар писател.




Љубовта и почитта кон Рацин, истата ученичка ја покажа и на литературниот конкурс по повод 115 години од раѓањето на нашиот Рацин , како и 80 години од неговата смрт, наменет за сите ученици во Македонија а распишан од Сојузот на просветни работници на Македонија на тема: „Рацин – низ призмата на селската надеж за подобро утро“. За својата творба, таа доби прва награда во трета категорија (за ученици од осмо и деветто одделение).

Надица освои прва награда и на Конкурсот за најдобар есеј во рамките на Државниот натпревар по македонски јазик и литература на тема: Поетскиот свет на Коста Рацин во стихозбирката „Бели мугри“.

Детските гласови се разлеаја создавајќи прекрасна манифестација „Детски гласови 2023“ – Ресен и стихозбирка која е поетска искра на детските мисли и чувства, а нивните песни се жарчиња кои ќе тлеат во светот на поезијата.
На оваа 4.Детска поетска манифестација, Лина Маркоска освои прва награда за песната „Еколошко ветување“ (во категорија автори од 8 до 12 години).





На литературниот конкурс посветен на Свети Климент Охридски, Патрон на Охрид поетската творба „Клименте“ од ученичката Сара Котеска е првонаградена во II категорија за ученици од предметна настава. На пригодна свеченост на охридскиот плоштад беа доделени наградите а творбите беа прочитани.





На Републичкиот литературен фестивал „Мали Ѕвездички“ организиран од здружението „Златно Перо“ – Битола, ученичката од седмо одделение Лина Маркоска освои втора награда (во категорија предметна настава) со песната „На Велигден Христос воскресна“.



Републички литературен фестивал „Мали Ѕвездички 2024“ во организација на Здружение за наука култура и литература „Златно Перо“-Битола доделува

ДИПЛОМА

на

ЛИНА МАРКОСКА

(II) втора награда за поезија

02.04.2024
Битола

претседател:
Олга Наумовска



Републички литературен фестивал „Мали Ѕвездички 2024“ во организација на Здружение за наука култура и литература „Златно Перо“-Битола, доделува

ДИПЛОМА

на

ФИЛА В. СТОЈКОВСКА

ментор

02.04.2024
Битола

претседател:
Олга Наумовска

Оваа година Детскиот литературен фестивал „Ракатки“ го прослави 20. јубилеј со настан кој не само што го одбележува значењето на детското литературно творење објавено во алманах „Ракатки 2024“, туку и го исполнува срцето со радост и трепет. Со песната „Македонија – мојата татковина, мој дом“, ученичката Лина Маркоска освои прва награда. Ракатките детски стихови секогаш нека ги зближуваат детските срца и нека ги водат во светот на литературата!








Ментор, Фила Вероска-Стојковска

# РАЦИНОВИ СЛЕДБЕНИЦИ

## 56 ДЕТСКИ РАЦИНОВИ СРЕДБИ


ОПШТИНА ВЕЛЕС
И ОРГАНИЗАЦИСКИОТ ОДБОР НА
56. ДЕТСКИ РАЦИНОВИ СРЕДБИ

доделуваат

ПОФАЛНИЦИ

на

Марија Тасеска

ООУ „Кочо Рацин“ Охрид

на литературниот конкурс
„Да му го земеш јазикот на еден народ- тоа значи да му ја земеш душата“






# Извонредни успеси на натпреварите по македонски јазик и литература

Ученичките Сара Котеска, Изабела Томановска и Надица Тасеска покажаа високо ниво на знаење и нивната трудољубивост, посветеност и љубов кон македонскиот јазик и литература беа заслужено наградени. Успесите на овие ученички се потсетник за важноста на упорноста, посветеноста и љубовта кон учењето. Тие се вистински амбасадори на нашето училиште и нивните успеси ќе служат како инспирација за сите сегашни и идни ученици.













## УСПЕСИТЕ НА АНГЛИСКАТА СЕКЦИЈА

## И НИВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Оваа година учениците од секцијата **Љубители на Англискиот јазик** покажаа многу успешни резултати на натпреварите по Англиски јазик, почнувајќи од училишниот натпревар , потоа на општинскиот натпревар кој се одржа на 16.03 2023 на кој учениците **Адреј Ѓорѓиоски од VII 2** одделение освои **II место** и **ученикот Бојан Попов од VIII** 1 одделение освои **III место** и диплопми за истите .Резултатите продолжија со учество на регионалниот натпревар кој се одржа на 13.04 2024 каде Ученикот **Андреј Ѓорѓиоски од VII 2** одделение освои III место и парична награда од Општина Охрид, додека ученикот **Бојан Попов** солиден резултат и пофалница .Со право овие ученици може да ги наречеме **The Best** -вистински репрезенти на нашето училиште во Англискиот Јазик**.**

**CONGRATULATIONS !!!! I am proud of you !!!!**





**Професор - Ментор ЛИДИЈА ЈЕВТОВИЌ**

© Copyright 2016, www.sparklebox.co.uk

# Математиката е Насекаде Околу Нас!

Во рамките на ООУ „Кочо Рацин“ работи математичката секција, која претставува една од најдинамичните и најуспешните секции во нашето училиште. Со голем ентузијазам и посветеност, нашите ученици од VI, VIII и IX одделение предводени од нивната наставничка Силвана Крстеска активно учествуваат во различни проекти, натпревари и работилници кои ја промовираат математиката и нејзината важност во современиот свет.

Дали сте знаеле дека математиката е присутна во секој аспект од нашиот живот? Од мерењето на времето, пресметувањето на финансии, до архитектурата, уметноста и технологијата што ја користиме секој ден - математиката е насекаде околу нас. Со своите бројки, формули и концепти, таа ни помага да го разбереме и подобро да го организираме светот. Откривањето на убавината во математиката и како таа го обликува нашиот секојдневен живот дел од членовите во секцијата имаа можност да го истражуваат учествувајќи во проектот Math in motion.









Успешното вклучување во eTwinning Проекти од овој тип им помогна на членовите на математичката секција да работат на меѓународни проекти кои ја промовираат математиката и нејзината примена. Преку овие проекти, нашите ученици имаат можност да соработуваат со врсници од други европски земји, да разменуваат идеи и да развиваат иновативни решенија на математички проблеми. Оваа соработка го зголемува нивното знаење и ги подготвува за иднината.

Како дел од нашите активности, редовно организираме работилници и настани за промовирање на математиката. Еден од најзначајните настани е одбележувањето на Интернационалниот Ден на математиката, каде учениците учествуваат во различни активности, натпревари и презентации кои ја истакнуваат убавината и значењето на математиката. Овие настани се одлична можност за учениците да покажат што научиле и да инспирираат други да се заинтересираат за оваа наука.

Една од најпопуларните активности на математичката секција е „Вечер на математиката", настан кој се одржува секоја година и привлекува голем број ученици, наставници и родители. Со гордост можеме да истакнеме дека покрај членовите во оваа секција на овогодишниот настан се приклучија сите ученици и одделенски наставници кои предаваат математика од прво до деветто одделение. Во текот на овој настан, се реализираат различни математички игри, квизови и предизвици, кои овозможуваат забавен и интерактивен пристап кон учењето на математиката. Денот и целиот настан е полн со ентузијазам и позитивна енергија, и е одлична можност за зајакнување на заедничкиот дух и љубовта кон математиката.

## Успесите на Математичката Секција

Учениците од математичката секција редовно учествуваат на натпревари од општинско, регионално и државно ниво, каде покажуваат високо ниво на знаење и способности. Нашите талентирани ученици постојано освојуваат награди и признанија, што е доказ за нивната посветеност и труд. Овие успеси не се само индивидуални достигнувања, туку и гордост за целото училиште и заедницата.










Работата на математичката секција при ООУ „Кочо Рацин“ е пример за посветеност и успех во училиштето. Преку учеството во eTwinning проекти, натпревари и разни активности, нашите ученици постигнуваат високи резултати и ја промовираат математиката како важна и интересна наука. Со продолжување на овие активности, сигурни сме дека нашето училиште ќе продолжи да биде лидер во регионот и пример на останатите училишта.

Силвана Крстеска - наставник по математика

## ООУ „Кочо Рацин“ добитник на престижната ознака eTwinning School Label




ООУ „Кочо Рацин“ оваа година со гордост го прославува добивањето на престижната ознака eTwinning School. Ова значајно признание ја потврдува нашата посветеност кон иновативното и квалитетно образование, како и нашата способност да ги вклучиме учениците и наставниците во меѓународната образовна заедница.

Во рамките на eTwinning платформата, активно се вклучени 20 наставници од нашето училиште. Од нив, 7 наставници постојано работат на различни проекти во текот на целата година. Овие проекти се оценети со високи оценки и се наградени со бројни Национални и Европски ознаки за квалитет. Нивната посветеност и иновативен пристап во наставата го носат нашето училиште на врвот на образовните институции во земјата.




Добивањето на ознаката eTwinning School ни отвори нови врати и можности за професионален развој. Наставниците од нашето училиште сега имаат можност да учествуваат на различни обуки и конференции како во земјата, така и во странство. Овие активности не само што го зголемуваат нивното знаење и вештини, туку и овозможуваат размена на искуства и најдобри практики со колеги од цела Европа.













Преку активното учество во eTwinning проекти, нашите ученици добиваат шанса да работат на реални задачи, да соработуваат со врсници од други земји и да стекнат искуства кои ќе им помогнат во нивниот понатамошен образовен и професионален пат. Нашето училиште останува посветено на создавање на средина која ги поддржува иновациите, креативноста и дигиталната писменост.

Со добивањето на ознаката eTwinning School, ООУ „Кочо Рацин“ уште еднаш ја потврдува својата лидерска позиција во образовниот сектор и ја истакнува важноста на меѓународната соработка и иновативното образование. Продолжуваме со нашата мисија да обезбедиме квалитетно образование за сите наши ученици и да ги подготвиме за успешна иднина.

Силвана Крстеска

еТвининг амбасадор

# ТИМСКАТА РАБОТА СЕКОГАШ ВОДИ КОН УСПЕХ

Тимската работа е камен-темелник на секој успешен проект бидејќи секој успешен тим претставува уникатна комбинација на вештини, таленти и перспективи кои се надополнуваат и овозможуваат постигнување на заеднички цели.

Две години по ред, нашето училиште е дел од успешната приказна на еТвининг проектот „Математика низ стрип и карикатура“. Овој проект е невообичаен спој на математиката, уметноста и литературата, а тимот е составен од предметните наставници ментори Силвана Крстеска, Богоја Мојсоски и Фила Вероска-Стојковска и ученици од предметна настава.







Кулминација на проектот се Регионовизиите каде се избираат најдобрите стрипови и карикатури на евровизиски принцип (вклучени се училиштата, односно учениците кои доделуваат бодови и се гласа за најдобри стрипови и карикатури во три категории: одделенска настава, предметна настава и средно образование)

Во 2023 година, стрипот „Математичка цедевита“ од шестоодделенките Бојана Митоска, Јана Спироска и Магдалена Танаскоска освои ВТОРО МЕСТО (категорија предметна настава), во конкуренција од 60 стрипа од 25 училишта од Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Турција.





Минатата година, за овој проект сите проектни партнери бевме наградени со Национални ознаки за квалитет, а од страна на Националната Агенција во Хрватска беше прогласен за најдобар проект за предметна настава и ја доби наградата COMET.








И оваа година нашите стрипови и карикатури имаа успешен пласман во уште поголема конкуренција.













Нашиот тим докажува дека:

**математика + стрип + креативност + соработка во рамките на училишниот тим = успех**

Доказ дека тимската работа води кон успех е и еТвининг проектот МАТЕМАТИЧКИ МИСТЕРИИ кој започна да се реализира во нашето училиште оваа учебна година, под менторство на наставничките Силвана Крстеска и Фила Вероска-Стојковска. Во него се вклучени 11 училишта од 4 партнерски држави (Македонија, Босна и Херцеговина , Хрватска и Србија ).




Дваесет ученика од шесто до деветто одделение од нашето училиште соработуваат и решаваат исти проблемски задачи интегрирајќи различни математички теми.

Преку мистериите виртуелно се патува, се истражуваат нови места преку различни легенди и преданија, учениците се запознаваат и со географските, историските и културните одлики на земјите од каде се креира математичката мистерија, а во нејзиното решавање имаат можност да ги покажат и применат стекнатите знаења по предметот математика.

Нашиот тим ја креира мистеријата бр.4 преку која го промовиравме и нашиот град Охрид со својата историја и легендите кои се раскажуваат од колено на колено.







Со овој проект учениците критички размислуваат, а решавањето на проблемските ситуации креативно ги изразуваат преку различни перспективи.





Од сите доставени решенија се врши избор на најкреативно решение и во рамките на училиштето но и во рамките на проектот.

Тимската работа е како виножитото – секоја боја е посебна и убава, но само кога се заедно, се создава нешто магично!

eTwinning ПРОЕКТ

# ЗЕ и кодирање

*Emotion- Emphaty- Expression*





*Успешно учество во eTwinning проект на најмалите, одделенците од III-2, под менторство на наставничката Весна Речковска Николова.*

https://school-education.ec.europa.eu/en/etwinning

# Активности на учениците од второ одделение во E-twinning проекти

Учениците од II-3 одделение со наставничката Билјана Каланоска оваа учебна година активно учествуваа во два eTwinning проекти: "100 дена во училиште" и "Денови на јаболкото, денови на здрава храна".

## Проект 1: 100 дена во училиште

Стотиот училишен ден е проект кој традиционално се одбележува во многу европски земји. Учениците и нивната наставничка на интересен, активен и креативен начин преку интегрирани активности го прославија 100-тиот училишен ден:




- Напишаа 100 зборови поврзани со зборот „училиште“.
- Решаваа 100 задачи со собирање и одземање до бројот 100 во дигиталната алатка „learningapps“ и играта „Не лути се човече“.
- Изработија очила со бројот 100 и се нацртаа како би изгледале на 100 години.
- Направија 100 телесни вежби за правилен раст и развој.








Овој проект не само што им помогна на учениците да ги подобрат своите математички и креативни вештини, туку и да развијат чувство на припадност и заедништво.



Udruga hrvatskih učitelja razredne nastave Zvono

100. dan škole

POTVRDA

Biljana Kalanoska

OŠ „Kočo Racin“,Ohrid

o sudjelovanju u projektu Udruge hrvatskih učitelja razredne nastave Zvono

***100. dan škole***

2023. godine.

lipanj, 2023.

ZVONO

za UHURN Zvono

Đurđica Krtanjek

## Проект 2: Денови на јаболкото, денови на здрава храна

Проектот "Денови на јаболкото, денови на здрава храна" беше посветен на промовирање на здравата исхрана и на традиционалното значење на јаболката како здрава храна. Во рамките на овој проект, учениците:








• Научија за различните видови јаболка и нивните нутритивни вредности.

• Вклучија родители, баби и дедовци во проектот за споделување на своето знаење за значењето на јаболкото во традиционалното домаќинство.

• Учествуваа во активности за готвење каде што подготвуваа здрави оброци и закуски со јаболка.

• Се запознаа со важноста на здрава исхрана преку едукативни работилници и предавања.





Овој проект ги мотивираше учениците да развијат здрави навики и да ја ценат важноста на здрава исхрана во нивниот секојдневен живот. Се поттикна свесноста за одговорноста за зачувување на сопственото здравје и се промовираа здрави навики во исхраната за подобрување на квалитетот на животот.



WEBUČIONICA 4.0
Međunarodni projekt
DANI JABUKA, DANI ZDRAVE HRANE
ZAHVALNICA
Biljana Kalanoska
Ime i prezime učitelja
OOU " Kočo Racin"- Ohrid, Makedonija, 2 razred
škola, razred, grad
U projektu su ostvarene barem 4 kreativne aktivnosti, koje su potaknule i ostale sudionike u projektu da zajednički osmisle slične aktivnosti. Projektne aktivnosti su raznovrsne, maštovite, edukativne, primjerene i dobro prihvaćene od strane učenika.
U evaluaciji projekta vidljivo je da su učenici rado sudjelovali, uz projektnu nastavu mnogo naučili o usvajanju ispravnih prehrambenih navika, o poboljšanju kvalitete života kroz konzumaciju voća kao i različite vještine važne za osobno zdravlje.
Sandra Vuk
Autor projekta: Sandra Vuk

Учеството во овие два eTwinning проекти беше одлична можност за учениците од второ одделение да научат нови работи, да се забавуваат и да развијат важни животни вештини. Со нетрпение го очекуваме нивното учество во идните проекти и авантури!



# Проект за климатска акција

Проектот за климатска акција на Take Action Global започна на 25 Септември. Ученици од целиот свет активно учествуваа во реализација на 6-неделните активности и стекнуваа нови знаења за климатските промени. Учениците напредуваа низ активностите истражувајќи ги причините, ефектите и решенијата. Се разгледуваа локалните и глобалните импликации. Во последната недела, учениците се придружија во глобална онлајн прослава Climate Action Day (Ден за климатска акција) која се одржува заедно со проектните партнери WWF, НАСА и ОН. На овој настан тие го споделуваа своето знаење, акциите, па дури и пронајдоците.

Учениците дадоа свои дефиниции за климатските промени, изработија презентација во Canva и дознаа кои се главните причини за загадувањето на воздухот, почвата и водите во нашата земја кои можат да влијаат врз климатските промени. Тие изведуваа експерименти преку кои дознаа зошто се менува квалитетот на водата и како закиселувањето на водата во океаните може да влијае врз морските школки и другите мекотели. Користеа отпадни гуми кои ги исфарбаа и со нив го украсивме нашиот училишен двор (проектна активност Трансформација на гуми: Креативни изрази). Учениците ги трансформираа обоените гуми во чудни и симпатични ликови: пчела, бубамара, патка, па дури и омилениот мињон. Завршната активност ја реализиравме пред почетокот на онлајн настанот „Ден за климатска акција“.

Наставникот и учениците се стекнаа со сертификати за своето учество во Проектот за климатска акција.












Линк до активностите:
https://sites.google.com/view/tloshkoska-/vonnastavni-aktivnosti/proekti-2023-2024/CAP-2023

**Прилогот го изготви:**
**Татјана Лошкоска**

ВО СОРАБОТКА СО...

# ЉУБИТЕЛИ НА ПРИРОДАТА

2024 ЕДУКАЦИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ



## ЕКО-СВЕСТ

Нашите шестоодеденци на едукативна прошетка во Вевчани Еколошка едукација, со посебен акцент на климатски промени Заштитени подрачја, ендемични видови флора и фауна, научни истражувања и локални заложби- беа само дел од темите кои се обработија.

## ВЕВЧАНИ

За крај, преку „здрава храна“ со еколошка нота, учениците изработија хранилки за птици кои ги поставија на дрвјата во Заштитеното подрачје Вевчански извори !





ПОЧИТ КОН ПРИРОДАТА И ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

# МРЕЖА ЗА ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ

**2024** **МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ**



## NATURA 2000

Учениците истражуваа собирајќи инсекти, тревки, цвеќиња, шишарки и ги проверуваа своите знаења за биодиверзитетот.





21 мај- светски ден на биодиверзитетот: Го поддржува идентификувањето на заштитени подрачја во со цел нивно вклучување во #Natura2000 која ја покрива територијата на Европа, но е најголема координирана мрежа на заштитени подрачја во светот.







LUND УНИВЕРЗИТЕТ И ОПШТИНА ОХРИД

# WISESTRIDE

2024 ВО СОРАБОТКА СО НП ГАЛИЧИЦА




## АРБУРЕТУМ

Работилница од Life changing projects CIPSS 2022-2023, поддржан од престижниот Шведски универзитет, #LUND

### НА ЕДУКАТИВНАТА ПАТЕКА ВО НП ГАЛИЧИЦА

CO-DESIGN FOR SUSTAINABLE, RESILIENT, INCLUSIVE PUBLIC SPACES AND SERVICES

Преку овој проект се обогати едукативната патека но ЈУНП Галичица со видови флора кои виреат на планината Галичица и се изработи т.н. АРБУРЕТУМ. Преку низа претходни активности патеката беше збогатена со новите видови растенија од планината Галичица кои беа засадени и соодветно обележани со инфо-табли за секој вид поединечно.





RAOUL WALLENBERG INSTITUTE



# Недела на информатиката
# Ден за побезбеден интернет

Интернетот нуди безброј можности: забава, виртуелна комуникација, пристап до различни информации и ресурси, но и можност за злоупотреба на личните податоци и сајбер насилство кое може да влијание врз психичкото здравје. Особено децата се во можност да бидат изложени на несоодветни содржини кои може да имаат голема улога во нивните животи. Значајна функција имаат возрасните кои треба да ги надгледуваат онлајн активностите на децата и да ги насочуваат како безбедно да го користат интернетот.

Преку нашите активности во текот на Неделата на информатиката 2024 (5-9 Февруари) и одбележувањето на Денот за побезбеден интернет (6 Февруари) го подржуваме одговорното и безбедното користење на интернетот. Во реализација на активностите учествуваа учениците од IX/2 одделение.

Во рамки на темата „Заедно за подобар интернет“ се фокусиравме на различни аспекти на нашата безбедност на интернет. Активностите ги започнавме со презентацијата Побезбедно на интернет споделена од страна на Центарот за иновации и дигитална едукација, поминавме низ прашањата од квизот и дискутиравме за дадените одговори. Учениците изработија свои аватари во Avatar Maker, а потоа работеа на дигиталната табла Digipad. На таблата има споделено едно реално сценарио поврзано со вознемирување на социјалните мрежи, а учениците користеа прекари и ги пишуваа своите размислувања и најдобри солуции за справување со истото. Учениците користеа вештачка интелигенција и со помош на алатката Craiyon генерираа слики на тема користење на интернетот. Со помош на сликите изработивме видео запис во Canva. Потоа учениците ја играа играта Безбеден интернет (Kahoot), споделена од страна на Диг-Ед.






Во тек на активностите учениците истражуваа како треба на одговорен начин и преку креативен пристап да ги користат дигиталните технологии. Активностите, исто така, придонесоа за развивање на критичките вештини за препознавање и избегнување на ризиците при користење на интернетот.

Наставникот и учениците се стекнаа со сертификати за своето учество во одбележувањето на Неделата на информатиката и Денот за побезбеден интернет.


DIG-ED
Center for innovation and digital education
Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕД
доделува
Сертификат
на
Татјана Лошкоска
за успешна реализација на активностите од
Недела на информатиката 2024
05.02.2024
датум
потпис


DIG-ED
Center for innovation and digital education
Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕД
доделува
Сертификат
на ученикот
Надица Тасеска
за успешно учество во активностите од
Недела на информатиката 2024
20.02.2024
датум
потпис



Линк до активностите:

https://sites.google.com/view/tloshkoska-/vonnastavni-aktivnosti/rabotilnici/eSafety#h.aql3i9cumujf

**Прилогот го изготви:**
**Татјана Лошкоска**

# Недела на кодирање 2023

Неделата на кодирање на ЕУ (EU Code Week) им помага на милиони луѓе во Европа и пошироко да учат, создаваат, иновираат и да се забавуваат со дигиталните технологии. Оваа заедница е моќен извор на инспирација и ентузијазам.

Зошто се вклучуваме во Неделата на кодирање? Затоа што:

- ✓ Кодирањето ја развива креативноста;
- ✓ Кодирањето е модерна писменост;
- ✓ Кодирањето нуди нови можности;
- ✓ Таа е најголемата иницијатива за кодирање во Европа.

Во реализација на активноста „Светлосен сензор за фотосинтеза (Photosynthesis Light Sensor)“ во рамки на Неделата на кодирањето учествуваа учениците од IX /1 и IX/2 одделение.

Во текот на реализацијата на активноста учениците го истражуваа кодирањето и открија како може да го користат микробитот како светлосен сензор. Сензорот за светлина е корисна за време на експериментите и помага да се разбере како фотосинтезата зависи од светлината. Оваа активност, исто така, кај учениците го поттикнува практично експериментирање и вештините за решавање проблеми.

Активноста е интегрирана со имплементираниот проект во нашето училиште „Училишта на 21 век“.









**Прилогот го изготви:**
**Татјана Лошкоска**



# ЗОНА НА НАЈМАЛИТЕ!!!

Во текот на учебната 2023/2024 година, успешно се реализирани наставни и воннаставни активности преку најразлични проекти, конкурси, работилници со добри практики.

Под менторство на наставничката Виолета Петковска, учениците од I-1 учествуваа во следните проекти: „Климатски Акции“, „Пишем ја, пишеш ти“, „Чудесна Лабораторија“, „Вечер на математика“, Меѓународен стем проект-Огледало, eTwinning проект, Креативна примена на нови наставни техники и на неколку ликовни конкурси- „Учител-професија која ги создава сите други професии“.

**Учествуваа**

Учениците се вклучија во глобалната кампања #PlantAndCareForPeace #pacfpeace и во завршна активност по повод Climate Action Day-Плетење мрежа;
Учество во Кампања -Читаме гласно-говоримо јасно;
Акцијата за чистење „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2024“, со цел подигнување на јавната свест, за потребата од собирање, селектирање и рециклирање на отпадот и позитивно да влијаеме на зачувување на животната средина;
Учество во Охрид трчаТ Детска трка 2024.

**Одбележаа**



Одбележување на Февруари- месецот на ретките болести;
Одбележување на Месецот на книгата- Во библиотека;
Одбележување на Светски ден на литературата за деца-2 април;
Одбележување на денот на планетата Земја со плакати,пораки и летала во училишниот двор;
Одбележување на Февруари- месецот на ретките болести.

**Други разни воонаставни активности и работилници:**

По повод Недела на информатиката учениците Охрид се запознаа со безбеден интернет, термини: безбедност, интернет, барометар, Feeling barometer. Реализиравме активност Feeling barometer со што покажавме дека за исти ситуации можеме да имаме различни чувства;
Онлајн средба со писателката за деца Јадранка Клисарова по повод Светскиот ден на детето;
Заедничко следење на детска претстава „Сказна за рибарот и рипката„ од детскиот театар Колозов;
Следење на детскиот фестивал: Распеано рибарче;
Есенски базар во училишниот двор под Мотото **"Сите заедно за нашето училиште;**
Работилница Есенски овошни плодови, Новогодишни честитки и украси, интерактивна дружба со весел дедо Мраз и новогодишна приредба и други.







НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА-КРИВА ПАЛАНКА

ДОДЕЛУВА

# СЕРТИФИКАТ

НА

**проф. Виолета Петковска**

за успешно учество во кампањата „Читаме гласно - говориме јасно"

ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА
Крива Паланка

АНТОНИ СТОЈАНОВСКИ











# Спорт сега спорт насекаде

Неколку успешни активности, проекти и спортски натпревари беа одлика на нашите ученици оваа учебна година и некои од нив се закитија и со награди на општинско, регионално и државно ниво :

1. Со одбележување на Европската недела на мобилност, учениците од одделенска настава беа дел од СВЕТСКИОТ ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ, чија цел беше поткренување на свеста за употреба на алтерантивните начини на превоз.





2. Трета година по ред успешно започнаа проектите “ Фудбал во училиште “ и “ Фудбал во училиште за девојчина” каде нашите ученици од второ до петто оделение, преку тренинзи и натпревари ја имаа честа да се запознаат со фудбалската игра од блиску. Притоа учениците од 4 – 5 одд. настапија на завршниот турнир во фудбал во Скопје, преставувајќи го нашето училиште во најдобро светло.





3. Учениците од ООУ “ Кочо Рацин”, ја имаа честа да го означат почетокот спортската лига во футсал  за ученици од шесто и седмо одделение, организирана од Сојуз на училиштен спорт – Охрид, а подржано од Општина Охрид.

4. Во рамки на училиштната спортска лига, на 30.11.2023 год. Се одиграа натпревари во пинг понг. Учество зедоа и нашите  ученици, а ученикот Илија Јанкулоски освои Прво место.




5. По повод 143 години од македонскиот револуционер, учество на Спортскиот ден организиран од ООУ “ Кочо Рацин “ зедоа и ученици од нашето училиште во повеќе дисциплини, при што треба да се истакне усшехот на нашата футсал екипа, која што успеа да го освои третото место.

6. Со талент, труд и тимска работа до високите скалила на атлетски успех! Нашите ученички со одлични резултати во атлетика и пласман за државно првенство. Сара Секулоска се закити со прва награда во 100 метри за девојчина и второ место во скок во далечина за девојчина, додека Анастасија Треноска го освои третото место во дицсиплина 600 метри за девојчина.





7. Во организација на Федерација на училишен спорт на Македонија, со поддршка на Градоначалникот на Општина Охрид – Кирил Пецаков на 10.5.2024 се одржа Државно првенство по Атлетика за основни училишта. Нашата деветтоодделенка Сара Секулоска освои ВТОРО место во дисциплина скок во далечина за девојчиња.

8. За прв пат започна и проектот “ Спортска лига во Мал фудбал за Основни училишта за ученици од 4 – 5 одд”. Одлична забава и успешно претставување на нашето училиште.




9. Штафетните игри за ученици од Основните училишта 2 – 3 одд. беа вистинско освежување во спортските активности во нашето училиште. Продефилираа 20 ученици, во различни штафетни игри. Насмеаните лица и задоволни дечиња беа препознатлив декор на секој натпревар. При тоа се обезбедија медали за сите учесници со подршка од Градоначалникот на Општина Охрид – Кирил Пецаков.



10. Детска трка Охрид трчаТ 2024, беше трка на радост, среќа, надеж, спорт, со нашите првачиња. Без разлика на темпото, со една цел Сонце за сите, сите ја освоија целта и добија медалји.







11. Учество на Јуниор Треил трката која беше во должина од 10 километри и на кој учествуваа 23 тинејџери (од 13 до 18 години) од локалните охридски училишта и регионот. Дел од оваа трка беа и нашите ученици од деветто одделение и истите постигнаа врвни резултати: Во машка конкуренција: прво место Илија Јанкуловски, второ место Христијан Цветковски. Кај девојките првата позиција ја освои Сара Секулоска.









12. Општинското првенство по Атлетика за Основни Училишта за IV и V одделение. Во дисциплината атлетика нашиот ученик Наум Шулески се истакна со својата брзина, освојувајќи го второто место.




13. Со натпревари од нокаут фазата успешно заврши Спортската лига во Мал фудбал за Основни училишта за ученици од VI и VII одделение, организирана од Сојуз за училишен спорт-Охрид со поддршка на ОпштинаОхрид – Сектор Спорт и Кирил Пецаков – Градоначалник на Општина Охрид. При тоа нашата екипа во малото финале успеа да издвојува победа и да се закити со Пехар за трето место.






... да го запознаеме Охрид за повеќе да го сакаме

# ТУРИСТИ ВО СВОЈОТ ГРАД





## ОХРИД- ГРАДОТ НА СВЕТЛИНАТА

**Посета на спомен-куќата , музејот на „Робевци“, куќата на Христо Узунов, Гутембергова работилница и процесот на изработка на хартија и старо печатење, црквата Света Софија, попатни споменици и спомен обележја...**



## Во Струга

# ПОСЕТА НА ЗНАМЕНИТОСТИ



## СПОМЕН- КУЌАТА НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ

**Пригодно предавање за семејството, нивните заложби, собирачката и уредувачката дејност, творештвото, учителствувањето, историја и политички прилики во нивно време**

### ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ "Д-Р НИКОЛА НЕЗЛОБИНСКИ"





воннаставни активности

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ






Да ја зачуваме традицијата.... правењето МАРТИНКИ претставува културно нематеријално наследство

## 21 МАРТ

**Меѓународен ден на ПОЕЗИЈАТА и прв ден на ПРОЛЕТТА**

**Направивме прекрасен спој на двата значајни датума- секој ученик создаде своја литературна творба напишана во ракопис со мотив: пролет, екологија, здрава храна, природа... а при тоа и ја илустрира, за да биде одличен украс на училишен ѕиден весник**

**14 МАРТ- ЛЕТНИК**



# Во посета на ВЕЛИКАНОТ

# Спомен-куќата на Блаже Конески









ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: НАТАША НЕДАНОСКА
ПОМОШНИК УРЕДНИК: ЕЛЕНА ДИМОСКА
КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: БЛАГОЈА РИСТЕСКИ